КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

национална
SOS
15-315
линија за жртви од семејно насилство

# 2024 Годишен извештај

**500+**

Повици на Национална СОС линија

**100+**

Згрижени жртви на семејно насилство



https://krizencentar.org.mk/

*Во текот на 2024 година, тимот на Кризен Центар „Надеж“ продолжи континуирано да работи на редовните активности согласно програмата на организацијата за 2024 година. Согласно Стратешкиот план на КЦ „Надеж“, континуирано се работи на реализација на четирите стратешки приоритети:*

**1.Стратегиски приоритет – Подобрување на квалитетот на услуги и развој на експертиза и капацитети на персоналот**

Цели:

**1.1** Унапредени процедури за ефикасна испорака на услуги, ориентирани согласно со потребите на клиентите; **1.2** Унапреден систем за директна поддршка, едукација и превенција на жртви на семејно насилство и насилство врз жени; **1.3** Зајакната експертиза кај персоналот; **1.4** Унапредени знаења и подобрени капацитети кај персоналот за системот на социјално претприемништво

**2.Стратегиски приоритет – Долгорочна финансиска одржливост**

Цели:

**2.1** Подобрена структура и капацитети за финасиско планирање, раководење и прибирање на средства, со цел задржување на персоналот преку вработување; **2.2** Обезбеден пристап до разнородни странски донатори (ЕУ, САД и др.); **2.3** Подготвен модел за воведување на социјално претприемништво во насока на економска и социјална поддршка на жртвите и подобрување на финасиската оддржливост на организацијата

**3.Стратегиски приоритет - Унапредување на едукацијата и заштитата на деца и младинци**

Цели:

**3.1** Зајакната експертиза кај персоналот и размена на знаење за работа со деца и млади;

**3.2** Унапредени знаења и подобрени капацитети кај персоналот за работа со деца и млади

**4. Стратегиски приоритет – Охрабрување на жртвите за пријавување на семејно насилство**

Цели:

**4.1** Отворање на психо-социјално и правно советувалиште; **4.2** Подобрена видливост на организацијата

*Во текот на годината се реализираа бројни активности, учество на обуки, работилници, организирање на обуки и работилници и тековни активности како помош и поддршка преку СОС линијата и социјалните мрежи, згрижување, едукација и психо-социјални и правни советувања.*

Национална SOS 15-315 линија за жртви од семејно насилство

КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“ ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

# ***Реализирани проекти***

**Проект**: **„Заштита и згрижување на жртви на семејно насилство”**
**Донатор**: Министерство за труд и социјална политика
**Период на спроведување**: 01.01. – 31.12.2024
**Целна група:** Целна група на овој проект се жени и деца – жртви од родово-засновано и семејно насилство, како и потенцијални жртви или лица во ризик од семејно и родово-засновано насилство.

**Реализирани активности и резултати:**

Обезбедување информации за стручна и друг вид на помош за жртви на семејно насилство; обезбедување на сигурен и безбеден привремен престој од 24 до 48 часа; поврзување и упатување до соодветните институции и јакнење на услугите за жртвите на семејно насилство.
Во периодот од **01 јануари до 31 декември 2024** година од страна на Кризен Центар „Надеж“ беа обезбедени следните услуги:
**Упатувања и остварени контакти за случаи на семејно насилство:** од вкупниот број на **примени повици** во текот на 2024 година – **551** на националната СОС линија, од наша страна се направени:

- **493** упатувања до ЦСР,
- **355** упатувања до полициски станици
- **182** упатувања до здравствени установи
- **82** упатувања до граѓански организации.

Контактите и упатувањата се направени согласно применот повик и надлежноста на институциите и организациите од цела територија на Република Северна Македонија. Во текот на 2024 година беше остварен директен контакт со:

- Центрите за социјална работа – **424** пати
- Полиција – **201** пати
- Здравствени установи - **66** пати
- Граѓански организации – **86** пати

Од 2020 година во време на кризата со Ковид-19, беше започната и праксата да се примаат пријави и советувања и упатувања со користење на онлајн алатките, односно преку Facebook, Instagram и емаил. Во текот на целата 2024 година беа примени **504** пораки и тимот на Кризен Центар „Надеж“ соодветно одговори на сите и преку овие пораки беа договарани и онлајн сесии и советувања.
**Згрижувања**: во просториите на Кризен Центар „Надеж“ во текот на 2024 година беа згрижени вкупно **103 лица - 44 жени и 59 деца** - жртви на семејно насилство. Тие беа згрижени во кризниот период од 24-48 часа и за тој период им беше обезбедено храна, хигиенски средства, облека и лекарства. Во текот на престојот им беше обезбедена психо-

социјална поддршка и советување, како и правни совети. Центарот редовно се чисти и дезинфицира по заминување на секоја од згрижените жртви.
Во текот на 2024 година, за време на престојот во КЦ „Надеж“ главно се почитувани редот и правилата на центарот, и не се забележани поголеми проблеми во текот на згрижувањето на жените жртви и нивните деца. Забележан е поголем број на повици од лица со депресија, анксиозност и суицидни мисли. Исто така, забележано е, дека и во текот на 2024 година, од страна на Судовите и Јавните обвинителства се чека подолг период за изрекување привремени мерки за заштита, како и обвинителен акт, што дополнително ја отежнува ситуацијата на жртвите, кои подолг период треба да поминат во згрижувачки капацитети, оддалечени од местото на живеење како и од училиштата каде што децата посетуваат настава.
**Едукации**: остварени беа вкупно **462 едукации со 208 жртви** на семејно насилство. Во текот на едукациите им беше дадена психо-социјална поддршка, беа разработувани планови за безбедност, детали за пријавување и упатување во случај на насилство, како и детални информации за динамиката на семејно насилство и беа разработувани доживувањата и нивното актуелно функционирање со цел емоционално да се зајакнат. Едукациите се одвиваа во време траење од 1 до 2 часа, во зависност од потребите на корисничките. Бесплатен правен совет и помош за правна документација во текот на 2024 година беше обезбеден за **52** кориснички.

## ПРОЕКТ: „Трета годишна работна програма за имплементација на Стратешкиот план на Кризен Центар „Надеж“ 2022-2025“

**Донатор**: Европска Унија – ИПА програма
**Период на спроведување**: јануари 2022 – декември 2025
**Целна група:** Жени и деца – жртви на семејно насилство; Деца и млади на територијата на цела Република Северна Македонија

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2024 до декември 2024:**

- Обезбедена помош и поддршка на **103 корисници** на услугата **сместување во интервентен шелтер**, од кои **44 жени и 59 деца**;
- Обезбедена редовна помош и поддршка преку **Национална СОС Линија**, 15-315, на **551 жртви и потенцијални жртви** на семејно и родово-базирано насилство;
- Редовно и континуирано помагање на **504 корисници** на нашите услуги преку **социјалните канали** на Кризен Центар „Надеж“;
- Унапредување на системот за контрола на квалитетот од обезбедена услуга **кризно сместување во интервентен шелтер** и подготовка на **2 полугодишни извештаи** за задоволство од услугата и нивно објавување на веб страната на Кризен Центар „Надеж“;

**Првиот извештај се однесува на период од* ***01.01.2024 – 30.06.2024,*** *во кој учество земале* ***23 испитанички*** *и истиот е достапен на следниот линк:* https://krizencentar.org.mk/прв-полугодишен-извештај-за-задоволс/
*Вториот извештај се однесува на период од* ***01.07.2024 – 31.12.2024*** *и во него учество зеле* ***21 исшитанички****. Извештајот е достапен на следниот линк:* https://krizencentar.org.mk/втор-полугодишен-извештај-за-задоволс/

- Организирани **4 индивидуални сесии за супервизија и менторство** со вработените лица на квартално ниво, водени од супервизор, а опфатени беа следните теми: стратегии за ослободување од стрес, избегнување исцрпеност и одржување на менталното здравје на персоналот, начини на справување со стресот;
- Одржана обука за **работа со деца и млади** за тимот и волонтери на Кризен Центар „Надеж“, од 5-7.11.2024, во Виница. Обуката ја одржа сертифициран тренер од Коалицијата на младински организации СЕГА
- Подготовка на **17 предлог проекти** до домашни и странски донатори, од кои 8 поддржани, 6 одбиени и 3 се уште без одговор;
- Подготвена и усвоена **Процедура за спречување на конфликт на интереси,** како и подготвена **Процедура за самогрижа и превенција од прегорување**
- Реализирана онлајн кампања со наслов „16 компании за 16 дена активизам против насилство врз жените“, во која компаниите споделија 16 моќни пораки за подигнување на свеста против насилство врз жените
- Остварена соработка и потпишан меморандум за соработка со International Private School – IPS, Скопје, со вклучување на волонтери студенти од ИПС во активности на Кризен Центар „Надеж“

## ПРОЕКТ: Грант за општа поддршка

**Донатор**: **Global Fund for Women**
**Период на спроведување**: јуни 2024 – јуни 2026
**Целна група:** тимот на Кризен Центар „Надеж“, жртвите и потенцијалните жртви на семејно и родово базирано насилство во Република Северна Македонија

**Реализирани активности и постигнати резултати**

Р.1 **Зајакнат капацитетот** на персоналот на КЦ Надеж преку организирање и учество на обуки за поддршка на жени и млади жртви на семејно насилство
Р.2 Развиена **Програма за економско јакнење** на жените и младите жртви и потенцијални жртви на семејно насилство
Р.3 Развиена нова **услуга за еконмско јакнење и кариерно советување** за жени и девојки
Р.4 **Зголемена видливост** на Центарот и на услугата економско јакнење, кариерно советување и ресоцијализација на жртвите на семејно насилство

А.1 Учество на обуки за директна работа со млади

А.2 Подготовка на документација за учество на сертифицирана обука за кариерни советници – 2 члена од тимот на КЦ „Надеж“ ќе бидат обучени и сертифицирани за кариерни советници во насока на развивање на новата услуга
А.3 Подготовка на Програма за развивање на нови услуги
А.4 Подготовка на Правилник и процедури за новите услуги
А.5 Подготовка на едукативни материјали за охрабрување на жените и младите за пријавување на семејното насилство

## ПРОЕКТ: Поддршка и заштита на жртви на семејно насилство

**Донатор**: Град Скопје
**Период на спроведување**: октомври 2024 – декември 2024
**Целна група:** Граѓаните на град Скопје, жртвите и потенцијалните жртви на семејно и родово базирано насилство од град Скопје

**Реализирани активности и постигнати резултати**

Во периодот **октомври – декември 2024** година од страна на Кризен Центар „Надеж“ беа обезбедени следните услуги:

**Упатувања и остварени контакти за случаи на семејно насилство:** од вкупниот број на примени повици во текот на месеците октомври, ноември и декември 2024 – **153** на националната СОС линија, од наша страна се направени: **140** упатувања до ЦСР, **99** упатувања до полициски станици, **55** упатувања до здравствени установи и **28** упатувања до граѓански организации.
Контактите и упатувањата се направени согласно примениот повик и надлежноста на институциите и организациите од цела територија на Република Северна Македонија. Во текот на периодот октомври, ноември и почетокот на декември 2024 година беше остварен директен контакт со: Центрите за социјална работа – **124** пати, Полиција – **73** пати, Граѓански организации – **28** пати и со Здравствени установи – **15 пати**.
Во текот на периодот октомври, ноември и почетокот на декември беа примени **130** онлајн пораки и тимот на Кризен Центар „Надеж“ соодветно одговори на сите и преку овие пораки беа договарани и онлајн сесии и советувања.

**Згрижувања**: во просториите на Кризен Центар „Надеж“ во текот на октомври, ноември и почетокот на декември 2024 година беа згрижени вкупно **27 лица - 11 жени и 16 деца** - жртви на семејно насилство. Тие беа згрижени во кризниот период од 24-48 часа и за тој период им беше обезбедено храна, хигиенски средства, облека и лекарства. Во текот на престојот им беше обезбедена психо-социјална поддршка и советување, како и правни совети. Исто така им беа обезбедени и средства за лична хигиена при заминување од Центарот.
**Едукации**: остварени беа вкупно **125 едукации со 56 жртви** на семејно насилство. Во текот

на едукациите им беше дадена психо-социјална поддршка, беа разработувани планови за безбедност, детали за пријавување и упатување во случај на насилство, како и детални информации за динамиката на семејно насилство и беа разработувани доживувањата и нивното актуелно функционирање со цел емоционално да се зајакнат. Едукациите се одвиваа во време траење од 1 до 2 часа, во зависност од потребите на корисничките. За дванаесет (12) кориснички беше обезбеден и бесплатен правен совет.

Во текот на извештајниот период октомври, ноември и почетокот на декември 2024 година беа објавувани онлајн информативни и едукативни материјали на социјалните мрежи (Facebook, Instagram), активности поддржани и од други донатори, а во текот на овој период сите материјали допреле до **1024** лица, а видливоста е зголемена за **37,9**%.

## ПРОЕКТ: Помош, поддршка и заштита на жртви на семејно насилство

**Донатор**: Општина Гази Баба

**Период на спроведување**: септември 2024 – декември 2024

**Целна група:** Жртвите и потенцијалните жртви на семејно насилство од општина Гази Баба

**Реализирани активности и постигнати резултати**

**Р1. А1**. Континуирана консултација, советување, психо-социјална поддршка и правна помош на жртви на семејно насилство преку СОС линија достапна 24/7 и преку социјалните мрежи и електронски пораки.
**Р2. А2**. Континуирано згрижување на жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа во кризни ситуации.
**Р3. А3**. Изработување, печатење и делење на флаери со цел информирање и подигнување на јавната свест кај луѓето. Флаерите беа дистрибуирани низ целата територија на општина Гази Баба, во сите урбани и рурални месни заедници, за да се опфати поголем број од населението за подигнување на свеста за проблемот на семејно насилство, негова превенција и заштита.
**Р4. А4**. Подготовка, организирање и реализација на Панел дискусија во рамки на кампањата „16 дена активизам за борба против насилство врз жени“.

**Р1: 1112** потенцијални жртви добиле стручна помош и поддршка и упатувања до соодветните надлежни институции преку националната СОС линија и преку социјалните мрежи.

**Р2: 101** жртви на семејно насилство биле згрижени и едуцирани и добиле хигиенски пакети пред напуштање на центарот.

**Р3:** Испечатени **2000** флаери за подигнување на свесноста за пријавување на семејното насилство, дистрибуирани на цела територија на општина Гази Баба.

**Р4**: Организирана **Панел дискусија** на тема „Виртуелни закани, реални последици – сајбер насилството кон жените и младите во дигиталната ера“

## ***Донации***

- За потребите на кризниот шелтер, **Анекс Експорт-Импорт** продолжуваат со континуираната донација на тоалетна хартија и влажни марамчиња, во износ од **2.500 денари.**
- Учениците од **International Private School - IPS** организираа еднонеделен настан за прибирање донации за помош на жртвите на семејно насилство згрижени во Кризен Центар „Надеж“ – собрани облека, постелнина и хигиенски средства
- **Црвен Крст – Општинска организација Гази Баба** донираше новогодишни пакетчиња за децата на корисничките на Кризен Центар „Надеж“

## ***Други поважни активности***

- **Потпишување на меморандуми за соработка со Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари и ИПС**

Потпишувањето на овие меморандуми беше со цел унапредување на пристапот до квалитетни услуги кои на жртвите на семејно насилство ќе им овозможат олеснет и подобрен пристап до правда. Создавањето на функционален систем кој ќе придонесе за спречување на семејното насилство е обврска која ни припаѓа на сите нас.

- **Организирање и одржување на презентација за родово-засновано и семејно насилство**

Во соработка со организацијата Act for Society – Albania, со поддршка од Авон Козметикс Албанија, тим од Кризен Центар „Надеж“ одржа презентација за проблемот родово-засновано и семејно насилство во Тирана, Албанија.

- **Учество на обука “Унапредување на знаењето и вештините на стручните лица во работата со деца сведоци или жртви на семејно насилство“**

Дел од тимот на Кризен Центар „Надеж“ учествуваше на обука наменета за стручните лица во центрите за згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство од регионот на Западен Балкан, која ја опфати специфичната тема директна работа со деца сведоци или жртви на семејно насилство, за зајакнување на капацитетите на стручните лица во засолништата.

- **Учество на Средба на Балканското Регионално Движење за Родова Правда**

Фондацијата Цуре од Босна и Херцеговина организираше средба на сите грантисти на Global Fund for Women, на која се споделуваа искуствата на сите организации од Балканскиот регион во реализација на нивните проекти, како и планирани идни

активности, бариери со кои се соочуваат организациите – особено со анти-родовите движења и соодветен одговор на истите.

- Организирање на Панел дискусија на тема: **„Виртуелни закани, реални последици – сајбер насилството кон жените и младите во дигиталната ера“**

Кризен Центар „Надеж“ во соработка со Општина Гази баба и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ, на Меѓународниот ден на човековите права, **10.12.2024** година, во културниот дом „Димитар Влахов“, одржаа Панел дискусија на тема: **„Виртуелни закани, реални последици – сајбер насилството кон жените и младите во дигиталната ера“**. Овој настан се одржа во рамки на кампањата „16 дена активизам против насилството врз жените“. Во воведниот дел се обратија: **Маја Ацевска** – Претседателка на Кризен Центар „Надеж“, **Ѓоко Велковски** – Заменик Министер за социјална политика, демографија и млади, **Невенка Стаменковска Стојковски** – Секретар на Општина Гази Баба и **Живко Белчев** – Претседател на комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ, додека на Панел дискусијата „Виртуелни закани, реални последици – сајбер насилството кон жените и младите во дигиталната ера“, се обратија: **Елена Геговска** – Стручен соработник – психолог при ООУ „Крум Тошев“, **Катерина Трповска** – Социјална работничка од Отворена Порта – Ла Страда, **Зоран Илиески** – Извршен директор на Коалиција на младински организации СЕГА и **Љупчо Велковски** – Комуникациски менаџер на Прва детска амбасада Меѓаши.

За време на панел дискусијата говорниците и учесниците разговараа за проблемот со сајбер насилството и колку е тоа раширено особено меѓу младите, се истакнаа прашања и недостатоци кои постојат во оваа област и на кои треба да се работи многу и во иднина, со цел да се овозможи безбедна сајбер околина за жените и особено за младите, како и да се превенира сајбер насилството со користење на сите достапни алатки.

- **Документарен филм „Излегувајќи од кругот“**

УНФПА го подготви документарниот филм „Излегувајќи од кругот“, во чија реализација учествуваше и Кризен Центар „Надеж“.

национална SOS 15-315
линија за жртви од семејно насилство

КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство



национална SOS 15-315 линија за жртви од семејно насилство

КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

*За реализација на сите активности во 2024 година, огромна благодарност за поддршката изразуваме кон **Министерството за социјална политика, демографија и млади, Општина Гази Баба, Град Скопје, Европската Унија, Народната Банка на Република Северна Македонија, Глобалниот фонд за жени,** како и особена благодарност до општествено одговорните компании **АВОН Македонија, Анекс, ИБОРН.НЕТ, International Private School – IPS,** за постојаната поддршка што ја даваат на КЦ Надеж. Голема благодарност и на сите компании кои учествуваа во онлајн кампањата „16 компании за 16 дена активизам против насилство врз жените: Авон, Creative Signs & Prints, Стружанка, 2by4 Digital, Луксор, ДМ, МилАрт, Книжара Дани, Керамика Јовановиќ, d.s.d. Lindtech, ИПС, Арс Премиум Трансфер Сервис, Бус Експрес, Сава Осигурување, Фемина Вита и Ангел Тренд.*

***И во следната година продолжуваме со активности за борба против насилството врз жените и девојките и семејното насилство и се бориме за постигнување на родовата рамноправност.***

**Скопје, 2025 година, Кризен Центар „Надеж“**